**ДОГОВОР**
**ЗА СТУДЕНТСКИ КРЕДИТ**

Склучен на ден _______________година помеѓу:

1. **Министерство за образование и наука** со седиште на ул. Димитрие Чуповски бр.9 1000 Скопје претставувано од Перо Стојановски, министер од една страна како давател на студентски кредит, и

2. _____________________________________студент од_________________година, запишан во студиската 2008/2009 година на __________________________________ факултет при универзитетот_______________________________________________ од друга страна како корисник на студентски кредит.

**Член 1**

Предмет на овој договор е доделување на студентски кредит, согласно конкурсот за доделување на студентски кредит на студентите од јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Македонија за студиската 2008/2009 година, утврдување на износот и регулирање на правата и обврските на договорните страни.

**Член 2**

Давателот на студентскиот кредит на корисникот на студентскиот кредит му обезбедува кредит во месечен износ од 2.420 денари за 9 (девет) месеци во годината (без месеците јули, август и септември).

**Член 3**

Давателот на студентскиот кредит се обврзува кредитот од член 2 на овој договор да го исплаќа на трансакциска сметка што корисникот на студентскиот кредит ќе ја достави до давателот на студентскиот кредит.

**Член 4**

Корисникот на студентскиот кредит се обврзува:

1. Редовно да ги запишува наредните семестри, да го постигне потребениот успех според конкурсот и да го заврши студирањето во редовниот рок предвиден со статутот на високообразовната установа каде студира.
2. На почетокот на секоја наредната студиска година, односно до 30 ноември, до давателот на студентскиот кредит да достави уверение со предвидени и положени испити, потврда за запишан нареден семестар, уверение од управата за јавни приходи на општината за материјалната положба на корисникот на студентскиот кредит и на неговото семејството, индекс и лична карта на увид.

   Давателот на студентскиот кредит го задржува правото, по потреба, да побара од корисникот на студентскиот кредит да достави и други документи.
3. Во рок од 15 (петнаесет) дена да го извести давателот на студентскиот кредит за настанати промени, како што се: промена на високообразовната установа, прекинување на натамошното студирање, добивање на стипендија или кредит од друга установа или фирма, престој во странство, промена на материјалната

состојба на неговото семејство, како и други промени кои влијаат на правото на користење на кредитот.

4. Во рок од 5 (пет) дена од денот на потпишување на договорот да достави број од трансакциска сметка од банка во Република Македонија.

**Член 5**

Корисникот на студентскиот кредит се обврзува:

1. Да отпочне да го отплатува студентскиот кредит најдоцна во рок од една година од предвидениот редовен рок за завршување на студиите во статутот на високообразовната установа, за време кое што не може да биде подолго од времето за кое користел кредит доколку:

- не го постигнал бараниот услов по конкурс;
- ги прекине или напушти студиите;
- го загуби правото на упис во наредниот семестар и година на студии;
- по свое барање го откаже користењето на студентскиот кредит.

Во овој рок не се пресметува времето поминато на болничко лекување.

2. Да отпочне да го враќа веднаш и целосно доколку:

- добие стипендија или кредит од друг давател;
- неточно ги прикаже условите битни за доделување и користење на студентскиот кредит.

**Член 6**

Правото на користење на студентски кредит престанува доколку корисникот на студентскиот кредит не ги исполнува обврските од член 4 и 5 на овој Договор:

**Член 7**

Студентскиот кредит од член 2 на овој договор се одобрува под следните услови:

- вкупно применіот износ на студентскиот кредит ќе биде валоризиран со процентот на официјално објавената стапка на инфлација за секоја година;
- рокот на враќање на студентскиот кредит не може да биде подолг од времето на неговото користење.

**Член 8**

Ако корисникот на студентскиот кредит навремено не отпочне со враќање на кредитот или ненавремено и неуредно го отплаќа, давателот на студентскиот кредит има право поднесената бланко меница да ја активира и да бара наплата на износ за отплата со затезна камата.

**Член 9**

Корисникот на студентскиот кредит целосно се ослободува од обврската за враќање на кредитот доколку:

- ги заврши студиите во редовен рок со успех над 8,01;
- ги заврши студиите предвремено (со ислушување на последниот семестар заклучно со 31.05.) од предвидениот рок со успех над 7.5;

Корисникот на студентскиот кредит делумно се ослободува од обврската за враќање на кредитот и тоа:

- со 80% ако ги заврши студиите во редовниот рок со успех од 7,51-8,00;
- со 50% ако ги заврши студиите во редовениот рок со успех од 7.01-7.50, и

- со 30% ако ги заврши студиите во редовниот рок со успех од 7,00.

Редовен рок за завршување на студиите, како услов за целосно или делумно ослободување од обврската за враќање на кредитот, е една година од предвидената редовна заверка на последниот семестар.

**Член 10**

Барање за целосно или делумно ослободување од обврската за враќање на кредитот поднесува корисникот на кредитот во рок од 3 месеци од денот на дипломирањето. Кон барањето се приложува уверение од високообразовната институција за покажаниот успех во текот на студиите и потврда од која треба да се види кога за прв пат се запишал во I семестар.

**Член 11**

Во случај на спор договорните страни се согласни по истиот да решава надлежниот суд во Скопје.

**Член 12**

Овој договор е составен во (3) три еднобразни примероци од кои (1) еден за корисникот на студентскиот кредит и (2) два за давателот на студентскиот кредит.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**Министер,**
**Перо Стојановски**

**КОРИСНИК НА КРЕДИТОТ,**

___________________________________
(име, татково име, презиме)

___________________________________
(место и адреса на постојано живеалиште)

л.к.бр.__________издадена _______г. од _______

матичен број ___________________________

бр. на Индекс___________________